м-р Андон В. Мајхошев

# ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1997-2007 ГОДИНА

Скопје, 2008

**Издавач:** *МЦМС - Македонски центар за меѓународна соработка - Скопје*

**За издавачот:** *Сашо Клековски*

**Рецензент:** *Проф. д-р Лидија Христова*

**Техничко уредување:** *2-ри Август*

**Јазична редакција:** *Оливера Жежова*

**Печати:** *2-ри Август -- Штип*

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

005.742:005.591.451:331.104(497.7)

**МАЈХОШЕВ, Андон В.**
Функционирање на економско социјалниот совет на Република Македонија во периодот 1997-2007 година / Андон В. Мајхошев. – Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка – МЦМС, 2008. – 126 стр.; 24 см
Фусноти кон текстот. – Библиографија: стр. 121-125
ISBN 978-9989-102-68-4

а) Економско социјален совет на Република Македонија – 1997-2007
COBISS.MK-ID 73423370

Трудот е авторски
и не ги одразува мислењата и ставовите на МЦМС.

МЦМС

Публикувањето е финансиски поддржано од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)

м-р Андон В. Мајхошев

# ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1997-2007 ГОДИНА

МЦМС

Скопје, 2008

## СОДРЖИНА


**Предговор** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7

**Вовед** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9
1. Предмет, цели и општествена оправданост на истражувањето . . . . . . 12
2. Методолошки приод во истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 13

**ПРВ ДЕЛ**
**Глава 1. ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ КАКО ТРИПАРТИТНО ТЕЛО: ПОИМ, СУШТИНА, НАЧЕЛА И РАЗВОЈ** 15
1.1. Поим и суштина на трипартизмот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15
1.2. Начела на индустриските односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 17
1.3. Историски развој на трипартизмот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18

**ВТОР ДЕЛ**
**Глава 2. ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛНИТЕ СОВЕТИ ВО ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ** 25
2.1. Економско социјалните совети во некои од државите членки на ЕУ . 25
2.2. Трипартизмот во државите од Централна и Источна Европа. . . . . . . . 29
2.3. Економско социјалниот совет во поранешните југословенски републики . . 33
2.4. Значење на Економско социјалниот совет . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 38

**ТРЕТ ДЕЛ**
**Глава 3. ПРАВНА РАМКА НА ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ** 41
1. Меѓународно правни инструменти . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 41
3.1. Меѓународно-правни инструменти на МОТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . 42
3.2. Меѓународно-правни инструменти на ЕУ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 44
3.3. Меѓународно правни инструменти на ООН . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45

**ЧЕТВРТ ДЕЛ**
**Глава 4. ТРИПАРТИЗМОТ И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ЕСС ВО МАКЕДОНИЈА** 49
1. Правна рамка на трипартизмот во РМ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49
2. Субјекти на социјалниот дијалог во РМ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55
2.1. Влада . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55
2.2. Синдикати . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 57
3. Модели на преставување на синдикатот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 62
3.1. Мнозински модел на преставување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 62
3.2. Репрезентативен модел на преставување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 63
3.3. Репрезентативноста како причина за меѓусиндикален спор . . . . . . . . 66
4. Работодавачи (бизнис заедница) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 70
4.1. Стопански комори . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 70
4.2. Здруженија на работодавачи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 73
4.3. Репрезентативност на здруженијата на работодавачите . . . . . . . . . . 76
4.4. Репрезентативноста како причина за спор помеѓу здруженијата на работодавачите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 79

**5. ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА . . . . 80**
5.1. Аргументи за формирање на ЕСС во РМ . . . . . . . . . . 80
5.2. Цели, функции и надлежности на Советот . . . . . . . . . . 82
5.3. Структура на Советот . . . . . . . . . . 83
5.4. Органи и работни тела на Советот . . . . . . . . . . 85

**I. ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СОВЕТОТ-НОРМАТИВНО ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ . . . . . . . . . . 88**
5.5. Работа на Советот . . . . . . . . . . 88
5.6. Одлучување во Советот . . . . . . . . . . 90

**II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ . . . . . . . . . . 92**
6. Функционирање на ЕСС на РМ во периодот 2003-2008: Практична димензија . . 92
6.1. Анализа на донесените закони во периодот 2003-2008 година кои се релевантни за Синдикатот со табеларен преглед по години . . . . . . . . 93
6.2. Организационо-технички претпоставки . . . . . . . . . . 97
6.3. Преговарачки капацитет на социјалните партнери . . . . . . . . . . 98
6.4. Независни експерти . . . . . . . . . . 103
6.5. Усогласување и имплементирање на усогласените ставови . . . . . . 104
6.6. Анализа на функционирањето на ЕСС од аспект на идеолошка припадност на Владата . . . . . . . . . . 105

**ПЕТТИ ДЕЛ**
**ГЛАВА 5: РЕФОРМИ НА ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ ВО РМ 111**

**ШЕСТИ ДЕЛ**
**ГЛАВА 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 115**
6.1. Заклучоци . . . . . . . . . . 115
6.2. Препораки . . . . . . . . . . 117

**БИБЛИОГРАФИЈА . . . . . . . . . . 121**

# ПРЕДГОВОР

Трудот што е пред вас се обидува да го анализира функционирањето на трипартитниот социјален дијалог, односно Економско социјалниот совет од два аспекта: теорија и практика. Во него се прикажуваат од една страна европските стандарди и практики, а од друга страна уставните и законските решенија и ефективното функционирање на трипартитната институција Економско социјален совет во Република Македонија во периодот од 1997-2007 година. Основна причина за појавување на оваа книга е што сакав да се осврнам на ефектитите, функцијата и значењето на трипартитниот социјален дијалог помеѓу Владата, Синдикатот и Работодавачите како многу важна претпоставка за градење на социјална хармонија и индустриски мир во едно демократско општество. Дотолку повеќе што од достигнатиот степен на хармонизација на односите меѓу социјалните партнери зависи реалниот економски и социјален развој на едно општество. Би додал дека социјаната хармонија помеѓу социјалните партнери во голема мера ја детрминираат и политичката стабилност на една држава.

Појавата на трипартитните тела и Економско социјалните совети, датираат од дваесетите години на минатиот век. Прва трипартитна институција во светот е МОТ која е формирана во 1919 година. Потоа следува формирање на Економско социјален совет во Франција во 1925 година, за да во 1945 година во рамките на ООН се формира посебно тело наречено Економско социјален совет. Позитивните резултати што ги постигнуваа овие институции на полето на ефективниот економски и социјален развој и почитувањето на човековите права на национално и глобално ниво ја предизвика и Европската економска заедница во 1958 година да формира Економско социјален комитет според францускиот модел. Процесот на економски и политички реформи во државите од т.н. реален социјализам го забрза формирање на трипартитни тела и во државите од Централна и Источна Европа.

Имајќи ги во предвид позитивните ефекти од функционирањето на голем број на трипартитни тела во развиените индустриски демократии, во Република Македонија за првпат трипартизмот се воспостави кон крајот на 1996 година со формирањето на Економско социјален совет. Од тогаш па до

денес поминаа повеќе од единаесет години, што е добар период за да се направи првично реално согледување и анализа на ефектите од функционирањето на ова институција. Користејќи разни научни методи во истражувањето го анализирав степенот на внатрешното и надворешно влијание на повеќе фактори кои што влијаат врз ефективното функционирање на Советот. Притоа дојдовме до релевантни податоци од кои извлековме реални заклучоци за ефектите од функционирањето на ова тело. Генерално, констатациите се дека во наведениот период Советот докрај не ги исполнил очекувањата, за што се утврдени одредени објективни, но и субјективни слабости. Оттука, доаѓа и потребата од коренити реформи во работата на оваа трипартитна институција, со цел ефектите значително да се подобрат, т.е. преку ова тело да се продуцираат усогласени јавни политики од економско-социјалната сфера кои во понатамошна законодавна процедура (Собранието) ќе се инкорпорираат во работното и социјално законодавство на државата.

На крајот од трудот, издвојувам одреден простор и на реформите на Советот, давајќи релевантни и реално поткрепени препораки во кои насоки да се движат промените на оваа институција за подобрување на неговото ефективно функционирање. Ќе ми биде особено драго ако сознанијата и препораките во овој труд допрат до надлежните органи и институции и истите најдат соодветно место во практиката.

Со овој труд не претендирам дека сите детали и аспекти на функционирање на Економско социјалниот совет во Македонија во наведениот период докрај се опфатени и истражени, туку, оставам простор и некој друг да навлезе во пошироки истражувачки активности од кои ќе произлезе нов збогатен научен труд со нови и пошироки сознанија за неговото функционирање. Ќе ми биде драго ако трудот испровоцира дебата за подобрување на ефективното функционирање на Економско социјалниот совет, зошто тоа на македонската јавност и е потребно постоење на различни мислења, дискусија и подлабоки истражувања на оваа проблематика, за која сум убеден дека многу малку е истражувана, а пред се на емпириски план.

*Од авторот*